РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-3278/2017
10.01.2018 година
СКОПЈЕ

Во актв - Арх. знак: 0201
Рок на чување: 5
16.01.2018 Скопје
02-78/1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Наставна математика, Теориска математика, Актуарска и финансиска математика и Применета математика на Природно – математички факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Наставна математика, Теориска математика, Актуарска и финансиска математика и Применета математика на Природно – математички факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 09-176/37 од 30.11.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-3278 од 15.12.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Наставна математика, Теориска математика, Актуарска и финансиска математика и Применета математика на Природно – математички факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација бр. 17-225/2 од 23.11.2017 година, бр.17-225/3 од 23.11.2017 година, бр.17-225/4 од 23.11.2017 година и бр.17-225/5 од 23.11.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3278 од 20.12.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 21.12.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-3278 од 26.12.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Наставна математика, Теориска математика, Актуарска и финансиска математика и Применета математика на Природно – математички факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Рената Дескоска

Доставена до:
- Примач
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузовска
одобрил: д-р Агим Рушити